Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
...ИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
...KOLLA FILLORE KOMUNALE
"...О ЦЕПЕНКОВ" Ц.О. "MARKO CEPENKOV" Q.F.
Бр.-Nr. 05-253/10
05.11. 2021 год.-viti

Трговско друштво за производство, трговија и услуги
ДИМБО КОМ ДООЕЛ
Бр. 03-20
05.11.2021 год.
Пехчево

# ДОГОВОР
## За набавка на стоки

**ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ**

1.**ООУ „Марко Цепенков “Зелениково - Скопје**, со адреса на ул.1 бр.6 Скопје, со ЕДБ 4030974236584, застапувано од Директор Валентина Димишковска , во понатамошниот текст Договорен орган од една страна,и

**2.Димбо Ком Дооел Пехчево**, ул.Истра бб, Пехчево,со ЕДБ**МК 4001006107843и МБ 6117880**застапувано од Директорот **Љубинка Бојчовска**, во понатамошниот текст Економски оператор од друга страна.

**I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

**НАБАВКА НАДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ГРЕЕЊЕ-ПЕЛЕТИ-ПО ЛИСТА НА СПЕЦИФИКАЦИЈА**
За потребите на Договорниот орган,според техничка спецификација прифатената понуда, по Оглас Набавка од мала вредност која се спроведува преку ЕСЈН, а завршува со е-аукција бр.***17760/2021***, кои се составен дел на овој Договор.

**II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната вредностна јавната набавка предмет на Договорот, опишан во член 1 од овој Договоризнесува 578.000,00денари без ДДВ или 606.900,00 денари со ДДВ .

Количината предмет на набавка е 34000кг.

Финансиската понуда е составен дел на Договорот за јавна набавка.Негативно наддавање на цената немаше, првично поднесената цена ќе се смета за конечна.

**Член 3**

**Разлика во цена (корекција на цена)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни и непроменливи по било кој основ за целото време траење на договорот за јавна набавка.

**III.РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА**

**Член 4**

Стоките кои се предметот на договорот за јавна набавка, Носителот на набавката е должен да ги испорачува сукцесивно според потребите на договорниот орган, согласно техничката спецификација дадена во прилог на тендерската документација, а по добиен писмен налог од страна на Набавувачот. Носителот на набавката е должен да го испорача предметот до Централно училиште Марко Цепенков Зелениково и
ПУ с.Орешани. Носителот на набавката е должен да ги испорачува стоките предмет на јавната набавка, во рок не подолг од **2 дена** по добиен писмен налог (нарачка) од страна на Набавувачот.

## IV.ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Во случај на доцнење за реализација на испоракатапедвидена во техничката спецификација ,по вина на Економскиот оператор , Договорниот орган има право на надомест на штета и договорена казна – пенали, но не повеќе од 5% од вредноста на неизвршената услуга предмет на овој Договор.

## V.ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 6**

При изготвување на фактурата, Економскиот оператор е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на Економскиот оператор, место седиште даночен број
- Број и датум на договорот
- Стоките, дефинирани по елементи како во член 1 и член 2 од договорот
- Договорена цена согласно понудата и склучениот договор
- Вкупна цена
- Пресметка за ДДВ
- Валута на плаќање.

VI.НАЧИНИ, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАКАЊЕ

Член 7

Се предвидува следниов начин на плаќање: Плаќањето ќе се изврши вирмански во рок од 30 дена по доставена ф-ра за испорачаната стока согласно цената дадена во понудата .На е-аукцијата беше поднесена нова намалена цена и истата ќе се смета за конечна.Во прилог на фактурата да се достави испратница потпишана од двете страни.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

**Член 8**

**Договорот е со важност до 31.12.2021 година .**
**Важноста на понудата изнесува 90 дена.**

## IIIV. ВИША СИЛА

**Член 9**

Договорниот орган и Економскиот оператор и изведувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## IX.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни се согласни да ги решаваат спогодбено, а доколку во тоа не успеат надлежен за нивно решавање да биде надлежен суд.

## X.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 12**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, а особено доколку не го почитува договорениот рок на извршување на услугата, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок од три дена за исполнување на обврската.
Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок од три дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок.

**Член 13**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штетата.

**Член 14**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма, без одлагање.
Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

**Член 15**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 16**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XI.КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 17**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**XII.ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 18**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните прописи во Република Македонија.

**XIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 19**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки.

**Член 20**

Овој договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за набавувачот и 2 (два) за добавувачот.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Економски оператор** |
| **ООУ „Марко Цепенков "Зелениково – Скопје** | **Димбо Ком Дооел Пехчево** |
| **Директор** | **Директор** |
| **Валентина Димишковска** | **Љубинка Бојчовска** |
| ______________________ | ______________________ |

**1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 17760/2021 објавен од страна на ООУ Марко Цепенков Зелениково, за набавка на други материјали за греење-пелети - по листа на спецификација со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А КОНЕЧНА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Димбо Ком Дооел Пехчево
I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. Истра бб, Пехчево
- Телефон: 070/274-363, 033/442-069
- Факс: /
- Е-пошта: dimbokom@gmail.com
- Лице за контакт: Димитар Бојчовски

I.3. Одговорно лице: Љубинка Бојчовска
I.4. Даночен број: 4001006107843
I.5. Матичен број: 6117880

**Дел III – Финансиска понуда**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пелети за систем за греење<br>Параметри на А1 класа на пелети<br>-топлинска моќност поголема или еднаква од 16 MJ/kg<br>-дијаметар минимум 6 мм,<br>-должина = 3.15 ≤ L 40mm со дозволена толеранција не повеќеод 1% од пелетите да бидат подолги од 40мм, но максималната должина не смее да премине 45 мм<br>-максимална влажност ≤ 10%<br>-максимален процент на пепел ≤ 0,7 %<br>-пакување од максимум 15 кг | ***кг*** | ***34.000*** | 17 | 578 000 | 28 900 |
| | Вкупна цена без ДДВ<br><br>Со зборови: петстотини седумдесет и осум илјади денари | | | 578 000 | |

III.1. Вкупната цена на нашата понуда , вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 578 000 *[со бројки]* (петстотини седумдесет и осум илјади) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 28 900 денари.

III.2. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.4. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на работите утврдени во тендерската документација

Место и датум | Одговорно лице*

Пехчево, 03.11.2021 год. | Љубинка Бојчовска

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице